Конеолидиран

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## за оданочување на добивка

ДБ

* Пополнува Управа за јавни приходи

| | |
|---|---|
| Посебен даночен статус | ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови |
| Единствен даночен број | 4030008014443 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | МЕ Биро за метрологија<br>Бул. Ј. Сандански 109 Скопје |
| Телефон | 02/3093-457 |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |
| Даночен период од | 01.01.2021 |
| до | 31.12.2021 |
| Рок за поднесување | |
| Исправка на ДБ | Број |

## УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

"без дени"

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Финансиски резултат во Биланс на успех** | 01 | |
| **II.** | **Непризнаени расходи и помалку искажани приходи за даночни цели (збир од АОП 03 до АОП 39)** | 02 | |
| 1. | Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста на субјектот односно не се непосреден услов за извршување на дејноста и не се последица од вршењето на дејноста | 03 | |
| 2. | Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ | 04 | |
| 3. | Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од ЗДД | 05 | |
| 4. | Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон | 06 | |
| 5. | Трошоци за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и трошоци за превоз на лица кои не се документирани | 07 | |
| 6. | Трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со закон | 08 | |
| 7. | Трошоци по основ на месечни надоместоци на членови на органи на управување над висината утврдена со закон | 09 | |
| 8. | Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над висината утврдена со закон | 10 | |
| 9. | Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над висината утврдена со закон | 11 | |
| 10. | Надоместоци за лица волонтери и за лица ангажирани за вршење на јавни работи над износите утврдени со закон | 12 | |
| 11. | Скриени исплати на добивки | 13 | |
| 12. | Кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди) | 14 | |
| 13. | Трошоци за репрезентација | 15 | |
| 14. | Трошоци за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во година | 16 | |
| 15. | Трошоци за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината | 17 | |
| 16. | Трошоци за донации во спортот согласно со членот 30-а од ЗДД | 18 | |
| 17. | Трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот | 19 | |
| 18. | Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени | 20 | |
| 19. | Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник | 21 | |
| 20. | Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата | 22 | |
| 21. | Трошоци за стипендии | 23 | |
| 22. | Трошоци на кало, растур, крш и расипување | 24 | |
| 23. | Траен отпис на ненаплатени побарувања | 25 | |
| 24. | Трошоци за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон | 26 | |
| 25. | Трошоци за практикантска работа над износите пропишани во Законот за практикантство | 27 | |
| 26. | Трошоци за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно | 28 | |
| 27. | Трошоци за амортизација на ревалоризираната вредност на материјални и нематеријални средства | 29 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства која е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки над пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација | 30 | |
| 29. | Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи | 31 | |
| 30. | Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања | 32 | |
| 31. | Износ на ненаплатени побарувања од заем | 33 | |
| 32. | Износ на позитивна разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакција по трансферна цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по пазарна цена утврдена со принципот на „дофат на рака" меѓу поврзани лица | 34 | |
| 33. | Износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена меѓу поврзани лица | 35 | |
| 34. | Износ на дел од камати по заеми кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица | 36 | |
| 35. | Износ на затезни камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице | 37 | |
| 36. | Износ на камати на заеми добиени од содружници или акционери – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот | 38 | |
| 37. | Други усогласувања на расходи | 39 | |
| **III.** | **Даночна основа (I+II)** | 40 | |
| **IV.** | **Намалување на даночна основа (АОП 42+ АОП 43+ АОП 44+ АОП 45+ АОП 46+ АОП 47+ АОП 48)** | 41 | |
| 38. | Износ на наплатени побарувања за кои во претходниот период е зголемена даночната основа | 42 | |
| 39. | Износ на вратен дел од заем за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа | 43 | |
| 40. | Износ на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица | 44 | |
| 41. | Износ на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став (1) точки 2), 3-6), 4), 5), 5-а) и 6), од ЗДД, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход | 45 | |
| 42. | Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, оданочени со данок на добивка кај исплатувачот | 46 | |
| 43. | Дел од загуба намалена за непризнаени расходи, пренесена од претходни години | 47 | |
| 44. | Износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана добивка) | 48 | |
| **V.** | **Даночна основа по намалување (III- IV)** | 49 | |
| **VI.** | **Пресметан данок на добивка (V x 10%)** | 50 | |
| **VII.** | **Намалување на пресметаниот данок на добивка (АОП 52+АОП 53+АОП 54+АОП 55)** | 51 | |
| 45. | Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања | 52 | |
| 46. | Износ на данок содржан во оданочени приходи / добивки во странство (withholding tax) до пропишаната стапка | 53 | |
| 47. | Данок кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Македонија но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 54 | |
| 48. | Износ на пресметано даночно олеснување за дадена донација утврдена во согласност со член 30-а од ЗДД | 55 | |
| **VIII.** | **Пресметан данок по намалување (VI-VII)** | 56 | |
| 49. | Платени аконтации на данокот на добивка за даночниот период | 57 | |
| 50. | Износ на повеќе платен данок на добивка пренесен од претходните даночни периоди | 58 | 14.761 |
| 51. | Износ за доплата / повеќе платен износ (АОП 56-АОП 57-АОП 58) | 59 – | – 14.761 |
| **IX.** | **ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | |
| 52. | Вкупен износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана) | 60 | |
| 53. | Загуби од претходни години за кои правото на покритие во рок од три години не е изминато | 61 | |
| 54. | Остварена загуба намалена за непризнаените расходи од тековната година која може да се пренесе во наредните три години | 62 | |
| 55. | Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот по одредбите од член 30 од ЗДД | 63 | |
| 56. | Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот платен во странство до пропишаната стапка | 64 | |
| 57. | Остварен вкупен приход во годината | 65 | 594.922.626 |
| 58. | Вкупни трошоци за донации во годината за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 66 | |
| 59. | Вкупни трошоци за донации во годината за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 67 | |
| 60. | Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 68 | |
| 61. | Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 69 | |
| 62. | Вкупни трошоци за донација во спорт за која е користено намалување на пресметаниот данок, по член 30-а од ЗДД | 70 | |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | Виолета Митровска | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | 2906965475008 | Датум на пополнување | |
| Својство | Сметководител | Потпис | [signature] |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | Мерита Куртовал. | | |
| ЕМБГ | 2807980475032 | Датум на пополнување* | |
| Својство | Директор | Потпис | [signature] |

* Пополнува Управа за јавни приходи

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДБ**

Даночниот период за кој се утврдува даночната обврска во Даночниот биланс за оданочување на добивка (образец "ДБ") е една календарска година. Доколку даночниот обврзник работел за период пократок од една календарска година, за даночен период се смета периодот во кој работел. Даночниот биланс се поднесува најдоцна до 28 (29) февруари за годината што претходи, во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk

Образецот "ДБ" може да се достави најдоцна до 15-ти март доколку даночниот обврзник Годишната сметка до Централниот регистар ја доставил во електронска форма.

**Обврзникот кај кој е отворена постапка за ликвидација, постапка на стечај или кај кој настанале статусни промени, образецот "ДБ" го доставува во рок од 60 дена од денот на отворањето на постапката, односно од денот на настанувањето на статусните промени.**

При пополнување на даночниот биланс, податоците внесете ги читливо и целосно, во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи. Износите се искажуваат во денари, без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број (ЕДБ), скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт и даночен период за кој се поднесува даночниот биланс. Обврзниците со посебен даночен статус: заштитни друштва; стопански единици во рамките на установите за извршување на санкции односно казнено-поправни установи; и корисници на технолошко индустриски и развојни зони, го означуваат со "Х" соодветното поле во образецот.

## УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

I. **Финансиски резултат во Биланс на успех** - Финансискиот резултат во Билансот на успех (БУ) утврден како добивка или загуба пред оданочување. Доколку финансискиот резултат е позитивен (добивка), во полето пред износот задолжително внесете "+", а доколку е негативен (загуба) внесете "-".

II. **Непризнаени расходи за даночни цели** - претставува збир од АОП 03 до АОП 39.

1. Расходи кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност, согласно член 9 став (1) точка 1) од Законот за данокот на добивка.
2. Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос кои го надминуваат утврдениот износ во член 9 став (1) точка 2) од Законот за данокот на добивка.
3. Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 12) од Правилникот за ДД.
4. Трошоци за организирана исхрана и превоз во јавниот сообраќај на вработените, над износите утврдени согласно член 9 став (1) точка 3) од Законот за данокот на добивка и член 4 став 2 алинеи 1 и 2 од Правилникот за начинот за пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојното ослободување или двојното оданочување (Правилникот за ДД).
5. Трошоци за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и трошоци за превоз на лица кои не се документирани согласно член 9 став (1) точка 3-а) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја (3) од Правилникот за ДД.
6. Трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со Законот за работните односи, согласно член 9 став (1) точка 3-б) од Законот за данокот на добивка.
7. Трошоци по основ на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50% од просечната месечна бруто-плата исплатена во претходната година во Република Македонија, согласно член 9 став (1) точка 4) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 4) од Правилникот за ДД.
8. Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над износот од две просечни месечни бруто-плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен, согласно член 9 став (1) точка 5) од Законот за данокот на добивка.
9. Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година, на годишно ниво по вработен, согласно член 9 став (1) точка 5-а) од Законот за данокот на добивка.
10. Надоместоци за лицата волонтери и за лицата ангажирани за вршење на јавни работи над износите утврдени согласно член 9 став (1) точка 6) од Законот за данокот на добивка.
11. Скриени исплати на добивки, согласно член 9 став (1) точка 7) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја (5) од Правилникот за ДД.
12. Кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице, согласно член 9 став (1) точка 7-а) од Законот за данокот на добивка.
13. Трошоци направени за репрезентација во висина од 90%, согласно член 9 став (1) точка 8) од Законот за данокот на добивка.
14. Трошоци за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности над 5% од вкупниот приход остварен во тековната година, согласно член 9 став (1) точка 9) од Законот за данокот на добивка.
15. Трошоци за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности над 3% од вкупниот приход остварен во тековната година, согласно член 9 став (1) точка 10) од Законот за данокот на добивка.
16. Трошоци за донации во спортот согласно член 9 став (1) точка 10-а) од Законот за данокот на добивка а во врска со член 30-а од Законот за данокот на добивка.
17. Камати по кредити за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други украсни предмети, како и камати по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот, согласно член 9 став (1) точка 11) од Законот за данокот на добивка.
18. Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членовите на органите на управување, како и на вработените доколку истите не се одбиваат од плата, освен личното колективно осигурување на работниците за повреди на работа, согласно член 9 став (1) точка 12) од Законот за данокот на добивка.
19. Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник, согласно член 9 став (1) точка 13) од Законот за данокот на добивка.
20. Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавните давачки и на трошоците за присилна наплата, согласно член 9 став (1) точка 14) од Законот за данокот на добивка.
21. Трошоци за стипендии, освен стипендиите доделени на начин и под услови утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, согласно член 9 став (1) точка 15) од Законот за данокот на добивка.
22. Трошоци на кало, растур, крш и расипување, над нормираните износи утврдени за соодветната гранка, под услов истите да не се настанати како резултат на вонреден настан или виша сила, согласно член 9 став (1) точка 16) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 6) од Правилникот за ДД.
23. Траен отпис на ненаплатените побарувања, согласно член 9 став (1) точка 17) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 7) од Правилникот за ДД.
24. Трошоци за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон, согласно член 9 став (1) точка 18) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 8) од Правилникот за ДД.
25. Трошоци за практикантска работа над износите пропишани во Законот за практиканство согласно член 9 став (1) точка 19) од Законот за данокот на добивка.
26. Трошоци за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно согласно член 9 став (1) точка 20) од Законот за данокот на добивка
27. Трошоци за амортизација на ревалоризираната вредност на материјални и нематеријални средства, согласно член 9-а) став (1 )од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 9) од Правилникот за ДД.
28. Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства која е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки над пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација, согласно член 9-а) став (2) од Законот за данокот на добивка член 4 став (2) алинеја 10) од Правилникот за ДД.
29. Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи согласно член 9-а) став (5) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (2) алинеја 11) од Правилникот за ДД.
30. Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатените побарувања согласно член 10 од Законот за данокот на добивка.
31. Ненаплатени побарувања кои произлегуваат од трансфер на парични средства кои по својата економска суштина се заеми доколку не се вратени во истата година во која е извршен трансферот на заемот освен дадените заеми на правни лица резиденти на Република Македонија, согласно член 11 ставови (1) и (2) од Законот за данокот на добивка.

32. Износ на позитивна разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакција по трансферна цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по пазарна цена утврдена со принципот на „дофат на рака" меѓу поврзани лица согласно член 12 став (1) точка 1) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (3) точка 1) од Правилникот за ДД.

33. Износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена меѓу поврзани лица согласно член 12 став (1) точка 2) од Законот за данокот на добивка и член 4 став (3) точка 1) од Правилникот за ДД.

34. Износот на делот од камати по заемите кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица согласно член 13 од Законот за данокот на добивка и член 4 став (3) точка 2) од Правилникот за ДД.

35. Износот на затезните камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице согласно член 14 од Законот за данокот на добивка и член 4 став (3) точка 3) од Правилникот за ДД.

36. Износот на каматите на заемите добиени од содружниците или акционерите – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот согласно член 15 од Законот за данокот на добивка и член 4 став (3) точка 4) од Правилникот за ДД.

37. Други усогласувања на расходите согласно Законот за данокот на добивка кои посебно не се наведени во претходните редни броеви.

III. **Даночна основа (I+II)** - Пресметковен износ кој претставува зголемена/намалена искажана добивка/загуба за износите на непризнаените расходи во даночниот биланс.

IV. **Намалување на даночна основа (АОП 42+ АОП 43+ АОП 44+ АОП 45+ АОП 46+ АОП 47+ АОП 48)**

38. Износот на наплатени побарувања за кои во претходниот период е зголемена даночната основа согласно член 17 од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 1) од Правилникот за ДД.

39. Износот на вратениот дел од заемот за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа согласно член 17 од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 2) од Правилникот за ДД.

40. Износот на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица согласно член 17-а став (1) од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 5 од Правилникот за ДД.

41. Износот на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став 1) точки 2), 3-б), 4), 5), 5-а) и 6), од ЗДД, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход согласно член 17-а став (2) од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 6 од Правилникот за ДД.

42. Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник - резидент на Република Македонија, под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата на дивиденда согласно член 18 од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 3) од Правилникот за ДД.

43. Дел од загубата намалена за непризнаени расходи пренесена од претходни години согласно член 19 од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 4) од Правилникот за ДД.

44. Износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, согласно член 28 од Законот за данокот на добивка и член 7 од Правилникот за ДД.

V. **Даночна основа по намалување (III-IV)**

VI. **Пресметан данок на добивка (V x 10%)**

VII. **Намалување на пресметаниот данок на добивка (АОП 52+АОП 53+АОП 54+АОП 55)**

45. Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања согласно член 30 од Законот за данокот на добивка и член 8 став (1) точка 1) од Правилникот за ДД.

46. Износ на данок содржан во оданочени приходи/добивки во странство (withholding tax) до пропишаната стапка согласно член 37 од Законот за данокот на добивка и член 8 став (1) точка 2) од Правилникот за ДД.

47. Се искажува износот на данокот кој го платила подружницата во странство под услов остварената добивка да е вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Македонија согласно член 37 од Законот за данокот на добивка и член 8 став (1) точка 3) од Правилникот за ДД.

48. Износ на пресметано даночно олеснување за дадена донација утврдена во согласност со член 30-а од Законот за данокот на добивка и член 8 став (1) точка 4) од Правилникот за ДД.

VIII. **Пресметан данок по намалување (VI –VII)**

49. Платени аконтации на данокот на добивка за даночниот период. Во ова поле се искажува износот на платените аконтации за месеците јануари-декември во изминатата година.

50. Износ на повеќе платен данок на добивка пренесен од претходните даночни периоди согласно член 41 од Законот за данокот на добивка.

51. Износ за доплата/повеќе платен износ (АОП 56-АОП 57-АОП 58). Пред износот внесете знак "+" за доплата или знак "-" за повеќе платен износ. Доколку барате враќање на повеќе платениот данок впишете "x" во полето пред знакот.

IX. **ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**

52. Вкупен износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, согласно член 28 од Законот за данок на добивка и член 7 од Правилникот за ДД.

53. Загуби од претходни години за кои правото на покритие во рок од три години не е изминато согласно член 19 од Законот за данокот на добивка и член 5 став (1) точка 4) од Правилникот за ДД.

54. Остварена загуба намалена за непризнаените расходи од тековната година која може да се пренесе во наредните три години согласно член 19 од Законот за данокот на добивка.

55. Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот по одредбите од член 30 од Законот за данокот на добивка и член 8 став (1) точка 1) од Правилникот за ДД.

56. Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот платен во странство до пропишаната стапка согласно член 8 став (4) од Правилникот за ДД.

57. Остварен вкупен приход по сите основи во годината.

58. Вкупни трошоци за донации во годината за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

59. Вкупни трошоци за донации во годината за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

60. Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

61. Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

62. Вкупни трошоци за донација во спорт за која е користено намалување на пресметаниот данок, член 30-а, од Законот за данокот на добивка.

## Исправка на даночен биланс

Полето "Исправка" се означува со "X" доколку даночниот обврзник поднесе корегиран даночен биланс/исправка, во случај кога пред истекот на рокот за застарување (пет години) утврди дека даночниот биланс кој го доставил до УЈП е невистинит, погрешн или нецелосен. Во полето "Број" се впишува архивскиот број на даночниот биланс за кој се врши исправка.

## Податоци за составувачот и потписникот

Се пополнуваат податоците за потписникот и составувачот на даночниот биланс.



** Образецот е објавен во „Службен весник на РСМ", бр. 6/2020 и важи од 11.01.2020 година*